ПРИЛОГ XIII
СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ 3

1.1 | Истекувања..... 3
1.2 | Заштита од пожари 3

2. ДОДАТОЦИ..... 5

1. СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ

1.1 | Истекувања

Детали за суровините и помошните материјали, како и отпадот што се складира во инсталацијата се дадени во соодветните табели од барањето за Б интегрирана еколошка дозвола и прилозите.

Деталите за начинот на складирање на овие материјали се дадени во Додаток IV, додека начинот на управувањето со отпадот е даден во Додаток V.

На локацијата на фармата за одгледување кокошки несилки Голден Ег не се складираат опасни материи.

Со оглед на природата на активноста, суровините, помошните материјали и отпадите, работата на Голден Ег не вклучува ризик за појава на хаварии поврзани со истекувања на опасни супстации.

1.2 | Заштита од пожари

Мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето од пожари, опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

На локацијата на фармата за одгледување кокошки несилки Голден Ег не се складираат складираат запаливи течности или гасови, експлозивни материи и други запаливи материи. Нивното присуство на локацијата е ограничено на количините кои се во употреба. Малото и ограничено присуството на запалливи материи на локацијата на фармата значи и ограничени релативно мал ризик од настанување на пожари.

Инсталацијата – фарма за одгледување на кокошки несилки се наоѓа во рамки на индустриска зона Визбегово, на територија на Општина Бутел, во состав на Град Скопје.

Согласно локацијата, за интервенции во случај на пожар надлежна е Територијална противпожарна единица на Град Скопје, со проценето време на пристигнување од околу 10–15 минути, во зависност од сообраќајните услови. Објектот е достапен преку асфалтен пристапен пат што овозможува непречен пристап на противпожарни возила.

По однос за задолжителното планирање на мерките за заштита и спасување во фаза на планирана документација, во функција на уредување на просторот, Дирекцијата за заштита и спасување има дадено позитивно миселење за изработката на архитектонско-урбанистичкиот проект за фармата за кокошки несилки Голден Ег (бр. 88-16/17). Позитивното мислење е дадено во додаток 1.

1. Превентивни мерки

- Редовна контрола и одржување на електричната инсталација и електро-опремата од овластено лице.
- Забрана за пушење во објектите и поставување јасно видливи знаци за забрана.
- Редовно чистење на прашина, пердуви и запалив материјал од објектите.
- Контролирано складирање на запаливи материјали и средства за дезинфекција.
- Обезбедување на доволна оддалеченост помеѓу објектите и пристапни патишта за противпожарни возила.

2. Технички мерки за заштита

- Поставување на соодветен број ПП апарати согласно важечките прописи.
- Редовна проверка и сервисирање на ПП апаратите од овластена компанија.
- Обезбедување пристап до надворешна или внатрешна хидрантска мрежа (доколку е применливо).
- Обележување на излезите за евакуација и одржување на проодност на истите.

- Обезбедување резервно напојување за критичните системи (вентилација).

3. Организациски мерки

- Донесување и ажурирање на План за заштита од пожари и План за евакуација.
- Именување одговорно лице за заштита од пожари.
- Редовна обука на вработените за ракување со ПП апарати и постапување при пожар.
- Водење евиденција за извршени контроли, обуки и сервисирања.

4. Постапка во случај на пожар

- Итно известување на Територијалната противпожарна единица на телефон 193.
- Исклучување на електричната енергија доколку тоа е безбедно изводливо.
- Започнување почетно гаснење со расположливи ПП апарати.
- Организирана евакуација на вработените.
- Соработка со противпожарната единица по нивното пристигнување.

Со спроведување на наведените мерки се обезбедува соодветно ниво на превенција, рано откривање и ефикасна реакција во случај на пожар, согласно важечката законска регулатива.

Противпожарните апарати поставени на локацијата на фармата редовно се одржуваат и сервисираат од страна на друштвото за сервис, одржување и промет на противпожарни апарати и опрема за заштита Сигурност заштита ДОО Скопје. Договорот за соработка даден е во додаток 2.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Мислење од Дирекција за заштита и спасување

Додаток 2 Договор за сервисирање на ПП опрема

Додаток 1 Мислење од Дирекција за заштита и спасување

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
(Подрачно одделение за заштита
и спасување
Чаир)

Бр: 14/6-130/2
29.05.2018 год.
Ул. Босна и Херцеговина бб,
1000 Скопје,
Тел/факс: 02/2614 711
e-mail: cair@dzs.gov.mk

ДО ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ
Бул.Кузман Јосифовски-Питу бр.19 локал 58 А, Скопје
1000 Скопје

Предмет: Одговор на МИСЛЕЊЕ
Број 88-16/17, датум нема

Врз основа на член 51, 53 и 54 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12-Прочистен текст), согласно член 207 став 4 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 38/05), Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување-Чаир, надлежни за општините: Чаир, Бутел, Чучер Сандево и Шуто Оризари, **дава позитивно**

МИСЛЕЊЕ

На Барање МИСЛЕЊЕ за изработка на Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП 102/1 за изградба на објект со основна класа на намена – Г2, лесна и незагадувачка индустрија (фарма за кокошки), во блок 9, од УПВНМ за индустриска зона Визбегово/разработка на блок 12/, КО Визбегово, Општина Бутел, Скопје, **по однос на задолжителното планирање на мерките за заштита и спасување во фаза на планирана документација, во функција на уредување на просторот да се применат мерките за заштита и спасување кои ги наведувате во текстуалниот дел.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ, Бул.Кузман Јосифовски-Питу бр.19 локал 58 А, Скопје, 1000 Скопје достави Барање на МИСЛЕЊЕ со број 88-16/17 и без датум во врска со изработка на Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП 102/1 за изградба на објект со основна класа на намена – Г2, лесна и незагадувачка индустрија (фарма за кокошки), во блок 9, од УПВНМ за индустриска зона Визбегово/разработка на блок 12/, КО Визбегово, Општина Бутел, Скопје, со тех.бр.47/18 од Инвеститор ГОЛДЕН ЕГГ ДООЕЛ с.Визбегово, и Проектант ТДООПИИ ИНГРА ДООЕЛ Скопје со адреса на Булевар КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ бр.19/локал 58а СКОПЈЕ-АЕРОДРОМ, ЕМБС 5106745, со Лиценца за изработување на урбанистички планови со бр.96, со важност на истата од 14.03.2017 до 14.03.2024 год., и Овластување за изработка на урбанистички планови односно планер, потписник на планска документација со број на Овластување 0.0430 на Ана Ѓорѓиевска(дипл.инж.арх.), со важност од 14.12.2015 – 14.12.2020 год., до Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Чаир, каде е примено и заведено под бр. 14/6-130/1.
Доставено до : насловот, архива.

Раководител
Светлана Спасовска

Додаток 2 Договор за сервисирање на ПП опрема

Друштво за сервис, одржување и промет на противпожарни апарати и опрема за заштита СИГУРНОСТ ЗАШТИТА ДОО увоз-извоз Бр. 0307/296 12.12.2025 год. СКОПЈЕ

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ Бр. 09/2025 12.12.2025 год. с.ВИЗБЕГОВО СКОПЈЕ

ДОГОВОР

Склучен на ден 12.12.2025 година во Скопје , помеѓу

1. Друштво за сервис , одржување и промет на противпожарни апарати и опрема за заштита СИГУРНОСТ ЗАШТИТА ДОО СКОПЈЕ , ул. Прохор пчински бб е, со ЕМБС 5949165 и ЕДБ 4030005535086 преставувано од ДЕМИРИ СЕФЕР –(управител) во понатамошниот текст – извршител и
2. Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ с.Визбегово скопје со ЕМБС 6459064 И ЕДБ МК4038009500253 , Ул. ВИЗБЕГОВО;БУТЕЛ 1552 бр.70 .

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

ЧЛЕН 1

Предмет на овој договор е

–редовен периодичен контролно-технички преглед(сервис) и поправка на противпожарните апарати, согласно Законот за пожарникарство и Правилникот
- набавка на ПП опрема за заштита од пожари
- обука на вработени за ПП заштита теоретски и практичен дел

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

ЧЛЕН 2

Вредноста на договорените работи е кумулираниот износ на средствата,како надомест за извршението сервисирање и поправка на ПП апаратите ,и вградените резервни делови потврдено со испратница, т.е записник по завршувањето на работите, а според претходно договорени цени согласно доставената понуда.

ЧЛЕН 3

ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ И КОРИСНИКОТ

Извршителот се обврзува дека

- Веднаш по потпишувањето на овој Договор ке отпочне со суксесивно сервисирање и поправка на ПП апаратите за гасење на пожари, предвидени со чл.1 од овој договор, според нормативите пропишани со Правилникот
- Се изврши поправка, т.е замена на дотраен или распиан дел доколку е тоа неопходно ППАпаратите за гасење пожари, да бидат ставени во исправна и функционална состојба.
- Извршителот ќе ја уважи рекламацијата на корисникот само во случај кога со ППАпаратите е ракувано согласно приложените упатства за работа и да бидат оставени во положба во која настанала неисправноста без на нив да интервенира трето лице. Рекламациите ги решава исклучиво извршителот веднаш, најдоцна во рок 3 дена од приемот на усниот или писмен повик од страна на корисникот.

– На барање на корисникот ќе даде стручни упатства за ракување со ППАпаратите.

ЧЛЕН 4

Корисникот се обврзува :

- Да ги стави несметано на располагање на извршителот ППАпаратите.
– Да обезбеди надзор над извршувањето на работите со право да дава упатства и забелешки во текот на работењето.
– Навремено и без одлагање да изврши уплата на средствата во договорението рок, по приемот на фактурата на извршителот.

Плачање

ЧЛЕН 5

Корисникот е согласен плчањето да го изврши во рок од _____ дена сметано од денот на завршувањето на работите предвидено со овој Договор, а по добивањето на фактурата.

Завршни одредби

ЧЛЕН 6

Овој Договор се склучува во рок на траење од _____ година.

Договорните страни се согласни, по истекот на рокот од став 1 на овој член, истиот да продолжи да важи под истите услови, доколку ниту една од страните не побара негово раскинување.

ЧЛЕН 7

Договорот не може да биде раскинат освен во случај на неисполнување на преземените обврски од било чија договорена страна, и на виша сила.

Заради неисполување на преземените обврски на било која од договорените страни, другата страна може да побара спогодбено раскинување на истиот, како и надомест за евенуално настаната штета.

Во споротивно за решавање на настаниот спор надлежен е основниот суд Скопје 2 Скопје .

ЧЛЕН 8

Договорот е составен во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1 (еден) за двете договорени страни.

ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ

Корисник

СИГУРНОСТ ЗАШТИТА ДОО СКОПЈЕ

Извршител

KPAJ